ЦРВЕН КРСТ НА Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА
Бр. 0307-169/1
12.06 20 25 год.
КУМАНОВО

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 12.06.2025 година помеѓу:

1. **Црвен крст** на Република Северна Македонија - Општинска организација Куманово, претставувана од Ива Младеновска, во својство на Секретар; и

2. Здружение на граѓани Слобода, Искреност, Лојалност, Акција - **СИЛА**, во понатамошниот текст **Здружение СИЛА**, претставувано и застапувано од законскиот застапник Антонио Станковски.

Двете страни изразија желба взаемно да ги регулираат меѓусебните односи во областа на здравствено - превентивните активности, крводарителството, првата помош, подготвеност и одговор при катастрофи и дисеминацијата на знаењата за Црвениот крст и Меѓународното хуманитарно право (МХП) и хуманите вредности со промовирање на волонтерството, а во согласност со важечкото законодавство и интерните акти, се договорија за следното:

## ДЕЛ I

## ЦЕЛИ НА МЕМОРАНДУМОТ

### Член 1

### Генерална цел

Да се обезбеди координација во делувањето помеѓу двете институции за реализација на програми од областа на крводарителство, прва помош, здравствено - превентивни активности, социјално-хуманитарна дејност, дисеминација на МХП, подготвеност и одговор при катастрофи, имајќи ги во предвид пред сé потребите на ранливите категории на граѓани.

## ДЕЛ II

### Член 2

### Специфични цели

1. **Здравствено-превентивни активности**Учество во заеднички кампањи за промоција на здравствено - превентивни и хуманитарни активности за подигање на свеста на граѓаните за социјална одговорност во заедницата.

2. **Крводарителство**

Промовирање на доброволно крводарување и организирање на крводарителски акции.

3. **Прва помош**

Реализирање на активности од првата помош поради позитивните импликации кои таа ги има во секојдневниот живот, во услови на катастрофи, во превенција на заболувања и пред сé во промоција на здраво и сигурно однесување на членовите во заедницата.

4. **Социјално-хуманитарна дејност**

Реализирање на активности насочени кон превенција, поддршка и помош на различни целни групи на население, со цел да се намали нивната ранливост и да се зголемат капацитетите за справување со одредени социјални ризици.

5. **Дисеминација на МХ**

Промовирање на МХП и Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина преку реализирање на едукативни активности.

6. **Подготвеност и одговор при катастрофи**

Соработка и учество во активности од превенција, рано предупредување и справување со ризици и опасности кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, материјалните, културните и природните добра, со цел подигање на јавната свест кај општата популација и образовните институции.

**Член 3**

Договорните страни согласно своите надлежности и можности, ќе обезбедат:

- идентификување и намалување на ранливоста;
- намалување на ризикот на изложеност;
- ублажување и отстранување на последици од елементарни непогоди и други несреќи;
- едукација на целни групи и
- помагање на институциите и организациите од јавен интерес.

**Член 4**

Страните од овој меморандум, ќе обезбедат меѓусебна соработка, внатрешна поддршка и соработка со други институции и организации, вклучувајќи:

- Координираност во имплементацијата на активностите;
- Меѓусебно информирање и известување.

## ДЕЛ III

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 5**

Овој меморандум за соработка се склучува на неопределен период.

**Член 6**

Меморандумот влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Член 7**

Во случај на било каков спор и тешкотија во имплементација на одредбите на овој меморандум, страните веднаш меѓусебно се консултираат. Доколку било која од страните одлучи да го прекине меморандумот за соработка, тоа мора да се направи со формално писмено известување до другата страна, 1 месец однапред, наведувајќи ја причината.

**Член 8**

Овој меморандум е потпишан и печатиран во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (две) за секоја договорна страна.

Куманово, 12.06.2025 година

Црвен крст на Република Северна Македонија

Општинска организација Куманово

Секретар,

Ива Младеновска

За Здружение СИЛА

Законски застапник

Антонио Станковски